Врз основа на член 73 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95 и 55/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.10.2000 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Во Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата во Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2000 и 17/2000-исправка), во член 4 точка 11 зборот "горотекс" се заменува со зборот "горетекс".

Во член 4 точка 12 по зборот "природна" се додава зборот "телешка", а зборовите: "јагнешка напа со дебелина од 0,07 см" се бришат.

Член 2

Во членот 9 во став 2 зборот "кожна" се брише, а по зборот "моторциклисти" се додаваат зборовите: "бела униформа за моторциклисти".

Член 3

Во членот 10 точката 5 се менува и гласи:

"5. Униформата за моторциклистите е изработена од горетекс материјал во црна боја, со крој приспособен за извршување на сообраќајно-безбедносни и заштитни задачи со моторцикл и се состои од: виндјакна, панталони, памучна маица, ракавици, чизми, шлем со визир, штитник за брада и вграден микрофон, капа, заштитен појас, широк ремен и дводелен комплет за дожд.

Виндјакната е изработена во црна боја, со крој приспособен на потребите за извршување на сообраќајно-безбедносни и заштитни задачи со моторцикл. На задниот дел од виндјакната со бела флуоросцентна боја е впишан зборот ПОЛИЦИЈА, а буквите се со димензија 10х14 см поставени на меѓусебно растојание по 1 см. На рамената има еполети со копче. На десниот ракав има ознака ПОЛИЦИЈА, а на левиот амблем, поставен на 10 см од рамото. Долж ракавите од надворешна страна има лента во бела флуоросцентна боја со ширина од 5 см. На горната лева страна во висина на градите е поставен водоотпорен џеб со капак кој се затвора со помош на чичка лента, а на долниот дел од виндјакната од двете страни се поставени два коси џеба кои се затвораат со помош на водоотпорен патент. Јаката е изработена од истиот материјал како и виндјакната. Од внатрешната страна е поставена со текстилен материјал (мешан состав од памук, полиестер или волна) и има патент за приспособување. Виндјакната се закопчува со двонасочен водоотпорен патент покриен со чичка лента.

Панталоните се изработени од истиот материјал и се со иста боја како и виндјакната, со вообичаен крој. На предната страна има два коси џеба и два џеба хоризонтално поставени над колената и потребен број гајки за ремен. На страничниот шев од панталоните има лента во бела флуоросцентна боја со широчина од 5 см.

Памучната маица е изработена од природен материјал во темно-сина боја, со кратки или долги ракави, со јака и три копчиња по средината на предниот дел, од вратот надолу. На задниот дел со бела флуоросцентна боја е впишан зборот ПОЛИЦИЈА, а буквите се со димензии 10х14 см поставени на меѓусебно растојание по 1 см. На десниот ракав има ознака ПОЛИЦИЈА, а на левиот амблем, поставен на 10 см, од рамото.

Ракавиците се изработени од горетекс материјал со вообичаен крој со раздвоени прсти, во бела боја. Долж ракавиците од надворешна страна има лента во бела флуоросцентна боја со широчина од 5 см.

Чизмите се изработени од горетекс материјал со вообичаена изработка, во црна боја.

Шлемот е со визир и штитник за брада, што по потреба поединечно се отвораат и затвораат, со вграден микрофон и слушалки за комуникација и истата е во бела боја. На надворешниот дел има лента во бела флуоросцентна боја, на која со сина флуоросцентна боја е испишано ПОЛИЦИЈА. На предната страна на шлемот, во средина има амблем со иста боја и изглед како кај капата од работната униформа на полицајците.

Капата се изработува од тергал (65% волна и 35% полиестер) и е во темно-сина боја. На предната страна, во средина е извезен амблем со иста боја и изглед како кај капата од работната униформа на полицајците.

Заштитниот појас е со вообичаена изработка, стандардна за управување со моторцикл.

Широкиот ремен е во бела боја со вообичаен крој.

Дводелниот комплет за дожд е изработен од горетекс материјал и е со ист изглед како и дводелниот комплет за дожд од работната униформа на полицајците."

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

"6. Белата униформа за моторциклисти е изработена од ист материјал и е со ист изглед како униформата за извршување посебни и специјални задачи на моторциклистите. На задниот дел од виндјакната и памучната маица натписот ПОЛИЦИЈА е вписан со темно-сина флуоросцентна боја, а на левиот преден дел, во висина на градите е вшиен амблем во форма на правоаголник со димензии 6,6 х 3,3 см, изработен од чоја на кој е извезено знамето на Република Македонија (прилог број 9)."

Точката 6 станува точка 7.

Член 4

Во член 11 бројот 8 се заменува со бројот 9.

Член 5

Во уводната реченица на членот 12, по зборот "торба" се додаваат зборовите: "очила за сонце".

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

"10. Очилата за сонце се со вообичаена изработка, приспособени за извршување на работни задачи при управување со моторцикл."

Точките 10, 11 и 12 стануваат точки 11, 12 и 13.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4839/1
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

Прилог број 9

